








# KOSTAL
# Code of Conduct


















# KOSTAL Code of Conduct



# Јазици

## ONLINE VERSION

Deutsch
English

# Содржина


## 1. Осовни принципи 12

- Законитост, усогласеност, одговорност и фер однесување 12
- Индикации за можни нерегуларности 15
- Соработка со органите 15
- Водење по пример 15
- Однесување кон вработените 16
- Одговорност кон општеството 17

## 2. Заштита на односите на доверба 20

- Избегнување на судир на интереси 20
- Справување со информации 21
- Документи 21
- Сопственост на компанијата 21
- Заштита на податоци и безбедност 22
- Е- маил и интерна употреба 22
- Довеливост 23

## 3. Обликување на деловните односи на КОСТАЛ 26

- Одесување кон деловните партнери и трети страни 26
- Право на конкуренција и антимонопол 26
- Добавувач и односи со клиенти 28
- Корупција и поткуп 29
- Контрола на извоз и увоз 30
- Перење на пари 30
- Даноци, давачки и царина 30
- Донации и спонзорство 30

## 4. Производство и развој 34

- Производи 34
- Интелекуална сопственост и експертиза 35
- Здравје и безбедност при работа, заштита на животната средина 36

## 5. Опсег на примена 40

## 6. Пријавување на прекршоци на Кодексот на однесување, политиките на компанијата или законите 44

- Контакт информации 44

# Вовед

КОСТАЛ има традиција од над 100 години и во сите овие години бевме и продолжуваме да бидеме одржливо многу успешни во она што го правевме и го правиме. За да продолжиме со ова, од суштинско значење е да се придржуваме до законот и да дејствуваме со интегритет. Се подразбира дека секој од нас ќе биде посветен на ова.

КОСТАЛ е свесен за неговата општествена одговорност во сите негови глобални активности и го разбира ова како фундаментален елемент за офтжлив успех.

Како семејно управуван бизнис, ние знаеме како да го заштитие, развиеме и пренесеме наследството на идните генерации. Оддржлива деловна пракса која ја штити животната средина и ресурси, ставајќи ги индивидуите на прво место, е клучот за заштита на наследството – можеби уште повеќе денес одколку во минатото.

Овод Кодекс за однесување е израз на тоа како ние мислиме и делувае во КОСТАЛ вредностите по кои се водиме во се што преземаме. Кодексот е основот врз кој се базираат сите други упатства.

Постапувајќи на етички начин и со интегритет му овозможува на КОСТАЛ да продолжи со градењето и одржувањето на одличната репутација во индустријата, за привлекување и задржување на извонредни колеги и да ги исполни високите очекувања од нашт што ги имаа клиентите, добавувачите, партенрите и општеството,

Овој Кодекс за однесување ви го претставува уверувањето за тоа како компанијата и вие треба да делувате на одржлив начин , денеска и во иднина – без разлика каде се наоѓате во светот. Тој посочива што се очекувањата од вас, вашите колеги и нашите деловни партени во врска со вашата работа во компанијата.

Ве молиме да го прочитате внимателно овој Кодекс и да ги почитувате принципите кои произлегуваат.

Бидете слободни да поставате прашања доколку не сте сосема сигурни за толкувањето на определен принцип. Вашите надредени лица и Одделлот за правни прашања и усогласеност, со задоволство ќе ви помогнат во тоа.

| Andreas Kostal | Kai Knickmann | Dr. Gregor Mark Schmeken |
|---|---|---|
| Извршен директор | Управен директор | Управен директор |



Andreas Kostal



Kai Knickmann



Dr. Gregor Mark Schmeken

# KOSTAL Принципи

# 1. Принципи

## Законитост, усогласеност, одговорност и фер однесување

Како глобално активна компаниска групација, КОСТАЛ е исправен пред неговата општествена одговорност.

Вработените на КОСТАЛ во нивната работа, постапките, договорите и сите процеси,  секогаш ги следат принципите на одржливо и одговорно однесување, применливите закони и упатствата на КОСТАЛ. Вработените на КОСТАЛ се чесни и одговорни кон нашите клиенти, органите и кон јавноста.

КОСТАЛ ги плаќа даноците, давачките и царините, се усогласува со правила за заштита на конкренцијата и антимонополот, не навлегуваат во корупција, поткуп или перење на пари и осигурува највисока современост на наговите производи. Ги обезбедува сите потребни официјални одобренија, ги следи правилата за контрола на извозот и ги почитува правата на третите страни.

Доколку не ги почитуваме овие принципи, за нас како компанија или како индивидуи ќе се соочиме не само со деловни или лични последици како што се губење на угледот, криминални обвиненија, казни или барања за надомест на штета, туку со тоа ќе постапиме спротивно на вредностите на КОСТАЛ.

Затоа, важно ни е секогаш да се постпаува во согласност со овие принципи, дури и ако ова значи прифаќање деловни неповолности во некои случаеви.

Секое лице во компанита е одговорно да озбезбеди примена на законите и упатствата на КОСТАЛ во нашите работни области.

Од оваа гледна точка работната средина мора постојано да се проверува заради усогласеност со овие принципи. Менаџерите и Одделот за правни прашања и усогласеност се достапни во секое време да разговараат во доверливост и да ги разјаснат можните нејаснотии и задолжително пристапувајќи им на таквите случаи.

Овој  Кодекс за однесување е обврзувачки за сите вработетни во КОСТАЛ насекаде низ светот, без разлика на тоа каде и што работат. КОСТАЛ неме да дозволи никакви отстапувања во примената на Кодексот, прекршувања кои нема да се толерираат и може да бидат предмет на правна или дисциплинска постапка, вклучувајќи престанок на односите и барања за надомест на штета.






ЗАКОНИТОСТ, УСОГЛАСЕНОСТ,
ОДГОВОРНОСТ И ФЕР ОДНЕСУВАЊЕ
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**




ВОДЕЊЕ ПО ПРИМЕР
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**



KOSTAL

## Индикации за можни неправилности

Од секој вработен во КОСТАЛ се бара да пријави можни или вистински прекршувања на одредбите од овој Кодекс на однесување, упатствата на КОСТАЛ или важечките закони на соодветен начин преку надредените лица, Одделот за правни прашања и усогласеност или на телефонската линија на КОСТАЛ за пријавување на  неправилности, со која управува надворешен професионална компанија. При тоа, препорачуваме да се  сподели и името но можно е и анонимно пријавување.

Сите споделени информации ќе се третираат во строга доверливост. Забранет е било каков облик на  притисокт или дискриминација кон вработените во КОСТАЛ кои пријавиле нерегуларност во добра волја и без никаква злоупотреба, а тоа нема да се толерира, дури и во случај кога пријавата подоцна се покаже како неоснована.

## Соработка со органите

КОСТАЛ одржува однос нс соработка со институциите и како вработени во КОСТАЛ ние секогаш соработуваме целосно со законски истраги спроведени од страна на КОСТАЛ или од органите. Се разбира, при тоа се применуваат законските права на секој поединец, како што е правото да сведочи и да одбие да сведочи и другите процесни права.

## Водење по пример

Менаџерите се должни во нивниот делокруг на одговорност, да превенираат прекршување на законските одредби, Кодексот на однесување и сите други насоки на КОСТАЛ и како редовно да го следат тоа. Тие треба да се осигураат дека нивните вработени се свесни за ова, дека ги почитуваат правилата и дека секое прекршување подлежи на дисциплински мерки, без оглед на хиерархиската позиција на вработените во компанијата.

Менаџерите се однесуваат како пример за вработените и ги информираат за прописите на Кодексот на однесување, ги разговараат со нив и, заедно со Одделот за правни прашања и усогласеност, се достапни како точки за контактирање. Тие се во редовна комуникација со своите вработени за ниво усогласено постапување.




## Однесување кон вработените

Личното достоинство на секоја личност е заштитено и почитувано. Нема да се толерира дискриминација ниту пак каква било форма на физичко или психичко вознемирување или насилство на база на возраст, пол, раса, боја на кожа, социјално или етничко потекло, националност или сексуална определба, верско или политичко убедување или други законски заштитени карактеристики на индивидуата. Разновидноста и еднаквиот третман кон сите се битни за КОСТАЛ.

Вработените во КОСТАЛ мора да го исполнуваат законскиот услов за минилана возраст за работа.

Сите вработени имаат право на слобода на здружување и застапување на нивните интереси од избрани претставници.

КОСТАЛ ја почитува законската минимална плата и без исклучок постапува во согласност со важачките национални закони за работните односи.

Секое несоодветното однесување мора да се се пријави во Одделот за човечки ресурси или во Одделот за правни прашања и усогласеност.



KOSTAL

## Одговорност кон општеството

КОСТАЛ носи значителна општествена одговорност како работодавец и за целиот синџир на вредност. Одржливиот менаџмент, фер и одговорните односи меѓу себе во рамките на компанијата и надвор, со деловните партнери, се предусловите за нашиот одржлив и успех на долг рок.

КОСТАЛ постапува согласно сите заштитни закони, како што е германскиот закон за добавувачи (Due Diligence Act) и еквивалентните закони на земјите во кои работи.

КОСТАЛ недвосмислено го осудува и отфрла секое кршење на човековите права, секој облик на принудна или детска работа и модерно ропство, очекувајќи го истото поведение од деловните партнери, со што гарантира целосно почитување на човековите права.

КОСТАЛ се заложува за фер работни услови низ целиот синџир на добавувачи. Меѓународно прифатените стандарди на Меѓународната организација на трудот (ILO) се обврзувачки за КОСТАЛ.

КОСТАЛ е изрично посветена на принципите на Глобалниот Договор на Обединетите Нации и постапува во согласност со принципите кои произлегуваат.



KOSTAL Заштитна на односите на доверба

# 2. Заштитна на односите на доверба

## Избегнување конфликт на интереси

Секундарното вработување (во друга компанија) може да се превземе само по претходно добиено писмено одобрување од КОСТАЛ.

На вработените им е дозволено да имаат значително учество во компании на конкуренти, добавувачи или клиенти само со претходно писмено одобрување на КОСТАЛ, издадено во секој посебен случај. Само со претходно писмено одобрение од КОСТАЛ може да се врши деловна активност со компании во кои партнер на вработениот или близок член на семејството има учество или работи на раководна функција.

Одобрувањето може да биде ограничено во секој случај кога не може да се исклучи дека овој однос може да влијае на деловниот однос и дека постои можност за конфликт на интереси.




СОПСТВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**



ИЗБЕГНУВАЊЕ КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**




## Управување со информации

### Документи

Интерните и надворешните документи од секаков вид, како што се документи за клиенти и продажба, технички документи, финансиски документи, извештаи за трошоци и документи за евиденција на време, мора да се издаваат правилно и вистинито и мора точно да ја одразуваат трансакцијата. Мора задолжително да се постапува во согласност со принципите на законско сметководство и прикажување. Внесувањето на податоците и другите записи мора да биде целосно, точно, навремено и компатибилно со системот.

Документите кои по закон се предмет на чување или бришење, треба да се обработуваат во период које е закосnки предвиден. Сите други документи се чуваат или уништуваат во период кој го определува КОСТАЛ.

### Сопственост на компанијата

За правилната користење и заштита на имотот на компанијата е одговорен секој вработен. Доделениот имот на компанијата може да се користи само за деловните цели и мора да се постапува со него внимателно и во согласност со упатствата што важат за него.




ДОВЕРЛИВОСТ
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**

## Заштита на податоците и безбедност

Заштитата на приватноста, заштитата на личните податоци и безбедноста на сите деловни информации се спроведуваат во согласност со законските барања. Податоците се обезбедени од неовластен пристап и загуба, применувајќи ги стандардите кои се соодветни на ризикот и кои технички и организациски се според најсовремените технологии.

Усогласеноста со барањата за заштита на податоците и безбедноста на информациите е обезбедена во секое време и за сите деловни процеси.

За прашањата поврзани со овој дел надлежни ќе бидат Одделот за правни прашања и усогласеност и Офицерот за заштита на личните податоци.

## E-mail и користење на интернет

Иако многу e-mail пораки имаат неформален карактер, секоја испратена порака претставува деловен документ и мора да се третира како таква. E-mail пораките мора да се усогласат со деловните принципи на KOSTAL. E-mail пораките и Интернетот може да се користат само за службени цели.



KOSTAL

## Доверливост

Вработените во КОСТАЛ се должни информации во врска со КОСТАЛ и оние кои се однесуваат на деловните партнери да ги третираат како тајни податоци. Оваа обврска се применува и по престанокот на нивниот работен однос во компанијата.

ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ И БЕЗБЕДНОСТ
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**



KOSTAL

# Обликување на деловните односи на КОСТАЛ

# 3. Обликување на деловните односи на КОСТАЛ

## Постапување кон деловните партнери и трети страни

### Конкуренција и антимонопол

Нашите клиенти ја ценат работата со нас поради нашите конкурентни производи, технологии и цени, како и поради нашата доверливост, што нема да е случај доколку се однесуваме нечесно. Во исто време, ние сме во конкуренција со многу други компании и клиенти.

Усогласеноста со правилата за слободна и фер конкуренција во согласност со законските прописи е составен дел од нашите постапки и е слика за нас. Ова значи дека на конкурентите не им е дозволено, директно или индиректно да договараат поделба на пазарни територии или клиенти, да усогласуваат или да разменуваат информации за цените, нивните компоненти или други конкурентски параметри, односите со добавувачите и нивните услови, за постоечките или идните производствени капацитети или за однесување на добавувачите. Ова исто така важи и за размена на информации за пазарни стратегии или стратегии за учество на одредени пазари.

Генерлано, не се дозволени писмени или вербални договори или премолчено, координирано и усогласено однесување.

Договорите или информациите за проекти за истражување и развој може да се разменуваат само во строго ограничена и законски дозволена рамка при што задолжително треба да се побара вклучување на Одделот за правни прашања и усогласеност.

Клиентите и купувачите сами ги одредуваат нивните продажни цени независно и без влијание од КОСТАЛ.

Треба целосно да се почитуваат релевантните национални закони за заштита на конкуренцијата и антимонополските пракси.

Поволната пазарна позиција не треба да се злоупотребува, на пример да се наметне контрола врз цените или да се одбиваа да се снабдува.

За повеќе информации, ве молиме погледнете ја соодветната политика на КОСТАЛ.





## Односи со добавувачи и клиенти

Договорите со добавувачите и клиентите се целосно и јасно документирани, вклучувајќи ги и нивните последователните измени и дополнувања.

Правилата за внатрешна контрола треба да се почитуваат.

Добавувачите се избираат само врз конкурентна основа, земајќи ги во предвид цената, квалитетот, перформансите и адекватноста на понудените производи и услуги.









## Корупција и поткуп

КОСТАЛ не толерира било каков облик на корупција или пак на активен или пасивен поткуп. Таквото однесување на вработените или деловните партнери е казниво со закон и допринесува кон нарушување на конкуренцијата, и кон финансиска и репутациска штета за КОСТАЛ.

Забранети се донации на јавни службеници или други еквивалентни лица. Дури и помали појави на наметнување влијание мора да се избегнуваат. Вработените во КОСТАЛ исто така не треба да прифаќаат бенефиции од јавните службеници. Не смее да им се нудат или обезбедуваат било какви поволности на јавните службеници заради вршење или забрзување на нивните службени дејствија – без разлика дали постои приговор за вршењето на службеното дејствие или пак јавниот службеник со своето дејствие ги прекршува службените должности.

Не е дозволена било каква форма на корупција или поткуп или друго нефер влијание врз деловните одлуки, во врска со договори за набавка, награди, испорака, обработка и плаќање на нарачките во деловните односи со клиентите, добавувачите и трети страни. Не може да се договораат ниту да се спроведуваат услуги за кои може да се претпостави дека се наменети целосно или делумно за подмирување на поткуп. Ако КОСТАЛ ангажира претставници или други посредници за обезбедување дозволи или одобренија за КОСТАЛ, тие се должни да постапуваат по писмени инструкции и начин, во согласност со законот при што ќе се воздржаат од поткуп или давање или примање на бенефиции. Во случај на повреда на ова

правило, мора да се прекине односот со тоа лице без претходна најава.

Давањето или прифаќањето на подароци или други поволности е дозволено само ако тие имаат незначителна финансиска вредност (на пр. промотивни пенкала или чаши). Деловните покани може да се упатуваат или прифаќаат само во соодветни околности. Не е дозволена било каква форма на луксузност и екстраваганција.

За повеќе информации, ве молиме погледнете ја соодветната политика на КОСТАЛ.

## Контрола на извоз и увоз

КОСТАЛ се усогласува со важечките закони за извоз и увоз, како што се санкции, ембарга и други закони, регулативи и владини наредби или политики. Овие регулативи се обемни и може да биде тешко да се применат поради глобалните операции на КОСТАЛ. Одделот за правни прашања и усогласеност е достапен да одговори на дополнителни прашања во врска со ова.

## Перење пари

КОСТАЛ ги применува обврски од националните закони за спречување на перење пари кои може да се применуваат или може да имаат меѓународно влијание. Затоа, сите сомнителни финансиски трансакции мора да бидат прегледани и разјаснети, додека сите деловни односи мора постојано да се надгледуваат.

## Даноци, давачки и царини

Како групација со глобални активности, КОСТАЛ е должна да плаќа разни видови даноци, давачки и царини. Овие даноци, давачки и царини треба да се пресметуваат правилно и да се плаќаат навремено.

## Донации и спонзорства

За доделувањето на донации во готовина или во натура или спонзорство за унапредување на образованието, науката, култура или за социјални и добротворни цели, менаџерскиот тим во компанијата на КОСТАЛ одлучува на транспарентен начин, врз основа на релевантните закони и по консултација со Одделот за правни прашања и усогласеност. Доколку донацијата биде одобрена, мора да биде соодветно документирана и евидентирана. За повеќе информации, погледнете ја соодветната политика на КОСТАЛ.






КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ И УВОЗ
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**

KOSTAL

# Производство и развој

# 4. Производство и развој

## Производи

Со генерации, производите на КОСТАЛ се стремат кон квалитет, иновација, доверливост и одржливост. КОСТАЛ развива и произведува безбедни и сигурни производи кои се во согласност со склучените договори и најсовремените технологии. Во случај да се појават конфликти во практичното спроведување на овие барања, тие ќе бидат решавани во духот на фер и одговорно однесување.









## Интелектуална сопственост и експертиза

Интелектуалната сопственост претставува вредносно богатство. Тоа вклучува права од индустриска сопственост (патенти или трговски марки) и дела заштитени со авторски права (софтвер или права на слика).

Интелектуалната сопственост на трети лица се почитува и може да се користи само доколку претходно е дозволена таквата употреба. Експертизите кои не се заштитени со права од индустриска сопственост или авторски права, може да се користат само доколку не постојат законски прописи со кои се забранува или ограничува таквото користење.

## Здравје и безбедност при работа, заштита на животната средина

Безбедноста и здравствената заштита се суштински дел од нашата одговорност и активности. Затоа, сите важечки, релевантни прописи и упатства за работа мора да се следат без исклучоци и во секој случај да се користи законски предвидената заштитна опрема.

Економската активност и заштитата на животната средина се меѓусебно зависни и се основа за одржливо и вредносно зачувување на ресурсите. На овој начин, КОСТАЛ дава значаен придонес долж синџирот на снабдување во одржливото користење на ресурсите (вклучувајќи конфликтни минерали) за заштита на животната средина и климата.

КОСТАЛ ги штити ресурсите со континуирано прилагодување на производството, квалитетот и перформансите на своите производи земајќи ја во предвид нивната еколошка компатибилност, како и преку намалување на потрошувачката на енергија, вода и суровини и оперативни материјали, за што користи обновливи енергии секогаш кога тоа е можно.






ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
**KOSTAL CODE OF CONDUCT**

# Опсег на примена

KOSTAL

# 5. Опсег на примена

Овој КОСТАЛ Кодекс на однесување н се однесува на сите правни лица на Групацијата КОСТАЛ, без оглед на нивната правна форма, земјата на експозитурата, оперативниот објект или локацијата. Тоа важи подеднакво за сите вработени, без оглед на нивната позиција, функција или ниво на кое се вработени, како и за сите членови на корпоративните тела.






KOSTAL

# Пријавување на прекршоци на Кодексот на однесување, политики на компанијата или закони

# 6. Пријавување на прекршоци на Кодексот на однесување, политики на компанијата или закони

КОСТАЛ бара од сите вработени, во добра волја да ги пријавуваат потенцијалните и реално настанатите прекршоци. Ова може да се реализира преку надзорнните лица или нивните претпоставени. Одделот за човечки ресурси и Одделот за правни прашања и усогласеност се исто така достапни за оваа цел.

КОСТАЛ користи независна телефонска линија за пријавување на нерегуларности. Иако е подобро да се сподели име за полесна комуникација и разјаснување на фактите, секогаш постои можност за анонимна пријава.

Вработените кои пријавуваат потенцијални или вистински прекршувања непристрасно и во добра волја се целосно заштитени од реперкусии, дискриминација или дисциплински мерки, дури и ако подоцна се утврди дека пријавата е неоснована. Секој пријава се зема со сериозност, се третира и обработува во строга доверливост. КОСТАЛ нема да толерира било каква форма на дискриминација на вработените кои во добра волја ќе пријават можни или постоечки неправилности.

**Ако не сте сигурни дали некое од вашите постапки се во согласност со овој Кодекс на однесување, политиките на KOSTAL или важечките закони, запрашајте се:**

**Дали според вас, ова е исправното постапување?**

**Дали ова е законски?**

**Дали оваа постапка ги следи политиките и процесите на КОСТАЛ?**

**Дали ќе се гордеете со постапката?**

**Дали моето семејство и пријатели ќе се гордеат со мена ако разберат за постапката?**

**Дали моите колеги, надредени и менаџерскиот тим ќе бидат задоволни со мене ако разберат за тоа?**

## Контакт информации

**Е-мејл:** compliance@kostal.com

**Главен Офицер за усогласеност:** Sebastian Petrausch
**Интернет:** www.speakupfeedback.eu/web/kostal



Sebastian Petrausch



Julia Abert



Carolin Schulte-Kunze

KOSTAL
Вредности

# Наши вредности



Ние стоимие цврсто
на земја.



Ние сме
достоинствени.



Ние го правиме
работите лесни.



Ние ги правиме
работите со чувство.



Ние го правиме
она што е потребно.



Ние креираме
врска а врската е
обврзувачка.



Ние ги охрабруваме
луѓето да го
постогнат она што
ние го очекуваме.



Ние се движиме од она
што го правиме а целта
ни е да ги движиме
останатите.



Она што го правиме,
го правиме со
уверување.



Ние денес ја креираме
иднината.

# Правна забелешка

Leopold Kostal GmbH & Co. KG
Holding Legal/HL
An der Bellmerei 10
D-58513 Lüdenscheid

Телефон: +49 (0) 2351 16-0
Факс: +49 (0) 2351 16-2400
Е-мејл: compliance@kostal.com

Статус: јуни 2021 година

KOSTAL CODE OF CONDUCT